РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1684/9
15-11-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 10-тата седница одржана на 11.11.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-1684/1 од 30.05.2024 година, оформен по доставена пријава со наводи за незаконско ангажирање во ЈЗУ /// на д-р ///, во моментот на поднесувањето на пријавата – вршител на должноста директор на ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1684/1 од 30.05.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител – ///, на ден 30.05.2024 година, до ДКСК е проследена претставка за службеното лице ///, во моментот на поднесувањето на пријавата – вршител на должноста директор на ///, и оформен е предмет број 12-1684/1 од 30.05.2024 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконско ангажирање на д-р /// во ЈЗУ ///, каде наводно во саботите бил ангажиран на Одделението за ///, додека истовремено ја вршел должноста директор на ///.
Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за прибирање информации до ЈЗУ ///, до Министерството за здравство и до Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени по упатените барања, утврдена е следната фактичка состојба:
Во периодот од 26.07.2010 година до 14.08.2023 година, д-р ///, ///, специјалист – ///, бил вработен на неопределено време во ///, по што од 15.08.2023 до 02.07.2024 година бил именувано лице – вршител на должноста директор на ///.
Додека ја извршувал должноста директор на ///, д-р /// бил ангажиран во ЈЗУ ///, врз основа на договор за консултантски услуги со важност од 02.01.2024 година до 31.12.2024 година, за давање на консултантски услуги од областа на ///, кои услуги ги извршувал без финансиски надомест.
Од страна на ЈЗУ /// претходно била побарана согласност од Министерството за здравство за привремено ангажирање на д-р /// за консултантски услуги во Одделот за ///, по што од страна на Министерството за здравство до ЈЗУ /// било доставено известување дека нема законски пречки именуваното лице да биде ангажирано за вршење на консултантски услуги во Одделот за /// на ЈЗУ ///.

Според ставот 1 од членот 178 од Законот за здравствената заштита[1],
*„На здравствениот работник, односно здравствениот соработник кој е избран или именуван на државна или јавна функција утврдена со закон, а чие вршење бара привремено да престане да ги извршува работите и работните задачи на здравствен работник, односно здравствениот соработник му мирува вработувањето и има право во рок од 15 дена по престанувањето на вршењето на функцијата да се врати во здравствената установа од каде што заминал на вршење на функција на работно место кое одговара на неговиот степен на стручна подготовка“.*

Според ставот 2 од членот 178 од Законот за здравствената заштита,
*„Заради одржување и надградба на стручните знаења, способности и вештини, здравствениот работник, односно здравствениот соработник кој е избран или именуван на државна или јавна функција утврдена со закон, има право по истекот на работното време на органот на државната власт или органот на единицата на локална самоуправа, јавното претпријатие, агенцијата и друга институција основана со закон, повремено да ги извршува работите и работните задачи на здравствениот работник, односно здравствениот соработник во јавната здравствена установа каде што му*

[1] „Службен весник на Република Македонија“, бр. 43/2012, 145/2012, 65/2013, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 101/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016, 93/2017, 20/2019, 101/2019, 153/2019, 180/2019, 275/2019, 77/2021, 122/2021, 178/2021, 150/2022, 236/2022, 199/2023, 236/2023, 263/2023, 30/2024, 74/2024, 170/2024

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

*мирува вработувањето согласно став (1) на овој член, за што е лично одговорен, а одговара и дисциплински, како и за штетата што на работа или во врска со работата ја предизвикал на здравствената установа“.*

Според ставот 3 од членот 178 од овој Закон,
*„По исклучок од став (2) на овој член, здравствениот работник, односно здравствениот соработник кој е избран или именуван на државна или јавна функција утврдена со закон, може со одобрение од Министерството за здравство повремено да врши здравствена дејност и во друга јавна здравствена установа, различна од јавната здравствена установа каде што му мирува вработувањето согласно став (1) на овој член“.*

Според ставот 4 од членот 178 од овој Закон,
*„Здравствениот работник, односно здравствениот соработник кој е избран или именуван на државна или јавна функција утврдена со закон, во случаите од ставовите (2) и (3) на овој член, има право да ги врши работите и работните задачи на здравствениот работник, односно здравствениот соработник најмногу 15 часа неделно, за што нема право на исплата на плата и надоместоци на плата, додатоци на плата и надоместок на трошоци поврзани со работата под услови и критериуми утврдени со закон, колективен договор и договор за вработување согласно член 165 од овој закон, ниту пак има право на исплата на надоместок по било кој друг основ“.*

Според ставот 5 од членот 178 од овој Закон,
*„Здравствениот работник со високо образование од областа на медицината кој е избран или именуван на државна или јавна функција утврдена со закон, има право да го користи факсимилот за вршење на здравствена дејност во случаите од ставовите (2) и (3) на овој член“.*

Имајќи ги во предвид цитираните одредби од Законот за здравствената заштита, ДКСК констатира дека ангажирањето на д-р /// во Одделот за /// при ЈЗУ /// врз основа на договор за давање на консултантски услуги од областа на ///, во период додека ја вршел должноста директор на /// е во согласност со Закон.
Воедно, ДКСК утврди дека со ангажманот во ЈЗУ ///, д-р /// вршел здравствена дејност во друга јавна здравствена установа, различна од установата каде што му мирува вработувањето, за што од за што од Министерството за здравство до ЈЗУ /// било доставено известување дека нема законски пречки именуваното лице да биде ангажирано за вршење на консултантски услуги во Одделот за /// на ЈЗУ ///, што се

утврди дека е во согласност со ставот 3 од членот 178 од Законот за здравствената заштита.
За ангажирањето во Одделот за /// на ЈЗУ /// на д-р /// не му бил исплатен финансиски надомест, што се утврди дека е во согласност со ставот 4 од членот 178 од овој Закон.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување, и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата